Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-201/3
Датум: 10.03.2021

ДО

Г-ѓа Неда Малеска Сачмароска
Центар за управување со промени
ул. „Рајко Жинзифов ", бр. 44-1
Скопје
Република Северна Македонија

(kristina.ilievska@cup.org.mk )

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број): 0203-13/2 од 24.02.2021

Почитувана г-ѓа Малеска Сачмароска,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-201/2 од 09.03.2021 година, кое Ви е доставено во прилог на овој Одговор.

Во тој контекст, на посечената е-адреса во Вашето Барање, скениран и во прилог на овој Одговор, Ви го доставуваме и Вашиот прашалник потполнет со бараните податоци.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

Даниела Рендевска
Генерален секретар

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Shkup

Подготвил: Елизабета Кучера, советни

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë se Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр. Nr. 03-201/2
09.03 2021 год. Viti.
Скопје - Shkup

Врз основа на член 20, став 1 од Законот заслободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено од Центарот за управување со промени - Скопје до Инспекцискиот совет, преку архивата.

2. Се задолжуваат определените службени лица за посредување во остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Инспекцискиот совет, во законски пропишаниот рок да одговорат на Барањето наведено во точка 1 од ова решение и истиот да го достават до барателот, во прилог на ова решение.

3. Ова решение влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На 26.02.2021 година од страна на Центарот за управување со промени - Скопје, преку архивата, до Инспекцискиот совет беше доставено Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-201/1 од 26.02.2021 година, со коешто барателот од Инспекцискиот совет бара на неговата е-адреса да му бидат доставени во форма на електронски запис, податоци, односно одговори на поставените прашања, распоредени во тбеларно структурирани два дела и тоа:

-Дел 1 – Структура и организација; и

-Дел 2 – Практика за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон Целите на одржлив развој на ОН.

Понатаму, Барателот бара да биде потполнети приложените табели со соодветни одговори на:

- 16 прашања за 2018, 2019 и 2020 година, опфатени во првиот дел; и
- 4 прашања за 2018, 2019 и 2020 година, опфатени во првиот дел.

Во предметното Барање, барателот навел дека информацијата ја бара во форма доставена на наведената е-адреса: kristina.ilievska@cup.org.mk.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Доставено до:
- по е-пат до барателот на информацијата со прилог одговор;
- оригинал во архивата на Инспекцискиот совет

REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
KESHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26.02.2021 | | | |
| Организациона единица | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 03 | 201/1 | | |

0302
15
______ 20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrimi

Здружение за развој
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ
Бр. 0302-13/2
24.02 2021 год
СКОПЈЕ

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# БАРАЊЕ
## за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Заради спроведување на анализа за структурата и организацијата јавната администрација во Република Северна Македонија, како и практиките за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон Целите на одржлив развој на ОН, Ве молиме да ни ги доставите следните податоци и информации за секоја од годините кои се наведени во табелата:

Дел 1.
Структура и организација

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на лица со засновн работен однос во Вашата институција (со полно работно време и со платени придонеси), согласно ЗАС или ЗВЈС и ЗРО | 7-од јан-април<br>8-од мај-септ.<br>9-од окт-дек. | 9-во јануари<br>10-од фев-септ<br>9 од окт до ноем<br>12-во декември | 11-од јан-декем |
| 1.1 | Број на админстративни службеници со засновн работен однос во Вашата институција | -11- | -11- | -11- |
| 1.2 | Број на даватели на услуги со заснован работен однос во Вашата институција | / | / | / |
| 1.3 | Број на овластени службени лица со заснован работен однос во Вашата институција | / | / | / |
| 1.4 | Број на помошно-технички лица со заснован работен однос во Вашата институција | / | / | / |
| 2. | Број на лица ангажирани во Вашата институција со договори преку Агенција за привремени вработувања | / | / | / |
| 3. | Број на лица со друг вид договори за повремено или привремено вршење на услуги или авторски | / | / | / |

Центар за Управување со Промени

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | договори (засновани помеѓу лицето и Вашата институција) | / | / | / |
| 4. | Број на лица со договори на определено време | / | / | / |
| 5. | Вкупен број на нововработени лица во вашата институција, по години (со заснован работен однос, на определено и неопределено време) | 2 | 1 | 3 |
| 6. | Број на вработени преземени по пат на мобилност (преземање) од други институции или органи на државна управа | 2 | / | / |
| 7. | Број на вработени кои заминале од Вашата институција по пат на мобилност во други институции и органи на државна управа | / | / | / |
| 8. | Број на лица од Вашата институција кои се наоѓаат на трансфер листата на можни преземања (Согласно ЗАС и ЗВЈС)[1] | / | / | / |
| 9. | Број на лица на кои им прекинал работниот однос во Вашата институција по основ на навршена старосна граница за пензија | / | / | / |
| 10. | Број на лица на кои им прекинал работниот однос во Вашата институција по било кој друг основ | / | 2 | / |
| 11. | Број на спроведени дисциплински постапки против вработени во Вашата институција | / | / | / |
| 12. | Број на унапредени вработени преку интерен оглас | / | / | / |
| 13. | Број на вработени со прекинат работен однос поради негативни оценки | / | / | / |
| 14. | Број на покренати второстепени постапки за повреда на право од работен однос кои се водат против ваши одлуки/решенија | / | / | / |
| 15. | Број на постапки против кои вработените имаат покренато | / | / | / |

[1]Закон за административни службеници (ЗАС); Закон за вработени во јавниот сектор (ЗВЈС)

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | судски спор за повреда на работен однос пред надлежен суд | – | – | – |
| 16. | Дали имате направено функционална анализа во институцијата во периодот 2017-2020?. Ве молиме заокружете | 2019 г. – (ДА) / НЕ | | |

Дел 2.

Практиките за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон Целите на одржлив развој на ОН

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Колку барања за пристап до информации од јавен карактер беа пристигнати до вашата институција во изминатите три години? | 3 | 12 | 5 |
| 2 | Колку и каков вид консултативни јавни средби со граѓани и граѓански сектор има одржано вашата институција во изминатите три години?<br>а) консултации за закони/стратегии;<br>б) планирање на програмите за работа, на буџет;<br>в) средби за известување за напредок по активности/ проекти и сл,<br>г) друго. | а)______(број)<br>б)______(број)<br>в) ______(број)<br>г)______<br>(појаснете што друго и наведете број)<br>НЕ Е ВОСПОСТАВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА, ЗАШТО Е ДЕЛ ОД СЕКОЈДНЕВНИТЕ ОБВРСКИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ИС И ОД ТЕКОВНОТО СЕКОЈДНЕВНО РАБОТЕЊЕ, А ПОВАЖНИТЕ СЕ ОБЈАВЕНИ НА ВЕБ-СТРАНАТА | а)______(број)<br>б)______(број)<br>в) ______(број)<br>г)______<br>(појаснете што друго и наведете број) | а)______(број)<br>б)______(број)<br>в) ______(број)<br>г)______<br>(појаснете што друго и наведете број) |
| 3 | Колку случаи на заштитено внатрешно пријавување сте имале во изминатите три години во вашата институција и по колку од нив е постапено? | Пријавени (број) –<br>Постапени (број) – | Пријавени (број) –<br>Постапени (број) – | Пријавени (број) –<br>Постапени (број) – |
| 4 | Дали стратешките документи на вашата институција (стратегија, план, програма за работа, во било кој дел од нив) изрично се повикуваат на исполнување на некоја од Целите на одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Goals) и која цел? | Да/Не<br>Која цел?<br>Произлегуваат од позитивно-правни прописи што се однесуваат на положбата, делокругот и надлежностите на Инспекцискиот совет, пропишани со Закон | Да/Не<br>Која цел? | Да/Не<br>Која цел? |

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго (испраќање на информации)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта (ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје)
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил (kristina.ilievska@cup.org.mk)**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

**Барател на информацијата:**

Центар за управување со промени,
ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје
тел.: 02 6092-216

Во Скопје

Овластено лице:
Неда Малеска Сачмароска

Датум 24.02.2021